**Малчески Ристо**

# ДВЕ ВАЖНИ НЕРАВЕНСТВА И БРОЈОТ $e$

За бројот $e$ може да се каже дека е една од најважните константи во математиката. При воведување на бројот $e$ најчесто се користи низата

$$(1) \qquad e_n = \left(1+\frac{1}{n}\right)^n, \quad n \in N.$$

Имено, се докажува дека низата (1) е монотоно растечка и ограничена од горе, што значи дека таа е конвергентна, т.е. постои $\lim\limits_{n\to\infty} e_n$ и оваа граница се означува со $e$.

Постојат повеќе методи за докажување на саканите својства на низата (1). Во оваа статија истите ќе ги докажеме ако го искористиме неравенството меѓу аритметичката и геометриската средина, за позитивни реални броеви, кое претходно ќе го докажеме. Имено, ќе ги разгледаме следните задачи.

**Задача 1. (Неравенство на Бернули).** Ако $x_i$, $i=1,...,n$ се реални броеви со ист знак, поголеми од $-1$, тогаш

$$(2) \qquad (1+x_1)(1+x_2)...(1+x_n) \geq 1+x_1+...+x_n$$

Докажете!

**Решение.** Неравенството (2) ќе го докажеме со математичка индукција по $n$.

$(i)$ За $n=1$ имаме $1+x_1 \geq 1+x_1$, т.е. неравенството важи.

$(ii)$ Нека претпоставиме дека за $n=k$ и произволни реални броеви $x_1, x_2, ..., x_k$, со ист знак и поголеми од $-1$ важи

$$(3) \qquad (1+x_1)(1+x_2)...(1+x_k) \geq 1+x_1+...+x_k$$

Нека $n=k+1$ и $x_i$, $i=1,2,...,k,k+1$ се произволни реални броеви со ист знак, поголеми од $-1$. Тогаш, имаме $(x_1+x_2+...+x_k)x_{k+1} \geq 0$ и $1+x_{k+1} > 0$ па затоа од (3) добиваме:

$$(1+x_1)(1+x_2)...(1+x_k)(1+x_{k+1}) \geq (1+x_1+x_2+...+x_k)(1+x_{k+1})$$
$$= 1+x_1+..+x_k+x_{k+1}+(x_1+...+x_k)x_{k+1} \geq 1+x_1+x_2+...+x_k+x_{k+1},$$

т.е. неравенството (2) важи и за $n=k+1$, па од принципот на математичка индукција следува дека важи за секој $n \in N$ и секои реални броеви $x_i > -1$, $i=1,2,...,n$ со ист знак.

**Забелешка.** Непосредна последица на неравенството (2) е многу попознатиот облик на неравенството на Бернули: ако $x > -1$, тогаш

(4) $$(1+x)^n \geq 1+nx,\ \forall n \in N.$$

**Задача 2.(Неравенство меѓу аритметичката и геометриската средина).** Ако $a_i > 0,\ i = 1,2,\dots,n;\ n \in N$, тогаш $\frac{a_1+a_2+\dots+a_n}{n}$, $\sqrt[n]{a_1 a_2 \dots a_n}$ ги нарекуваме аритметичка и геометриска средина на дадените броеви, соодветно. Докажете го неравенството

(5) $$\frac{a_1+a_2+\dots+a_n}{n} \geq \sqrt[n]{a_1 a_2 \dots a_n}.$$

**Решение.** Од (4), за $x = \frac{a-1}{m}$, $a > 0$, $m \in N$. добиваме

$$\left(1+\frac{a-1}{m}\right)^m = 1+m\frac{a-1}{m},$$

т.е.

(6) $$1+\frac{a-1}{m} \geq \sqrt[m]{a},\ m \in N.$$

Ако неравенството (6) го помножиме со $b > 0$, тогаш добиваме $b+b\frac{a-1}{m} \geq \sqrt[m]{ab^m}$. Во последното неравенство ставаме $ab = c$ и добиваме $\left(b^{m-1}c\right)^{\frac{1}{m}} \leq b+\frac{c-b}{m}$ т.е.

(7) $$\left(b^{m-1}c\right)^{\frac{1}{m}} \leq \frac{c+(m-1)b}{m},\ b > 0,\ c > 0.$$

Сега, користејќи го неравенството (1), со помош на математичка индукција ќе го докажеме неравенството (5).

Имено, за $n = 2$, од $(a_1+a_2)^2 \geq 4a_1 a_2$ добиваме $\frac{a_1+a_2}{2} \geq \sqrt{a_1 a_2}$, т.е. неравенството (5) важи за $n = 2$.

Нека претпоставиме дека неравенството (5) важи за $n = k$, т.е.

$$\frac{a_1+a_2+\dots+a_k}{k} \geq \sqrt[k]{a_1 a_2 \dots a_k},\ a_i > 0,\ i = 1,2,\dots,k.$$

Според (7), за $m = k+1$ и $c = a_{k+1}$, $b = \sqrt[k]{a_1 a_2 \dots a_k}$ имаме

$$\left(b^k a_{k+1}\right)^{\frac{1}{k+1}} \leq \frac{kb+a_{k+1}}{k+1},$$

па од индуктивната претпоставка следува

$$\left(a_1 \dots a_k a_{k+1}\right)^{\frac{1}{k+1}} \leq \frac{a_1+\dots+a_k+a_{k+1}}{k+1},$$

т.е. неравенството (5) важи за $n=k+1$. Од принципот на математичка индукција заклучуваме дека неравенството (5) важи за секој $n\in N$.

Во следната задача ќе се осврнеме на прашањето кое е предмет на оваа статија.

**Задача 3.** Низата (1) монотоно расте и е ограничена од горе.

**Решение.** За да докажеме дека низата монотоно расте, доволно е во неравенството (5) да ставиме $a_i=1+\frac{1}{n}$, $i=1,2,\dots,n$ и $a_{n+1}=1$. Добиваме

$$\sqrt[n+1]{\left(1+\frac{1}{n}\right)^n\cdot 1}\le\frac{n\left(1+\frac{1}{n}\right)+1}{n+1}=1+\frac{1}{n+1}$$

односно

$$e_n=\left(1+\frac{1}{n}\right)^n\le\left(1+\frac{1}{n+1}\right)^{n+1}=e_{n+1},\ \forall n\in N,$$

што значи, разгледуваната низа монотоно расте.

За да докажеме дека низата (1) е ограничена од горе, ќе ја разгледаме помошната низа $b_n=\left(1+\frac{1}{n}\right)^{n+1}$, $n\in N$. Од неравенството меѓу аритметичката и геометриската средина добиваме

$$\sqrt[n+1]{\left(1+\frac{1}{n+1}\right)^{n+2}}=\left(1+\frac{1}{n+1}\right)\sqrt[n+1]{1+\frac{1}{n+1}}=\left(1+\frac{1}{n+1}\right)\sqrt[n+1]{\left(1+\frac{1}{n+1}\right)\cdot 1^n}\le$$

$$\le\frac{1+\frac{1}{n+1}+n\cdot 1}{n+1}\left(1+\frac{1}{n+1}\right)=\left(1+\frac{1}{n+1}\right)\left(1+\frac{1}{(n+1)^2}\right)=$$

$$=1+\frac{1}{n+1}+\frac{1}{(n+1)^2}+\frac{1}{(n+1)^3}<$$

$$<1+\frac{1}{n+1}+\frac{1}{(n+1)^2}+\frac{1}{(n+1)^3}+\frac{1}{(n+1)^4}+\dots=\frac{n+1}{n}=1+\frac{1}{n}.$$

Значи,

$$\sqrt[n+1]{\left(1+\frac{1}{n+1}\right)^{n+2}}=1+\frac{1}{n},$$

или

$$b_{n+1}=\left(1+\frac{1}{n+1}\right)^{n+2}<\left(1+\frac{1}{n}\right)^{n+1}=b_n,\ \forall n\in N,$$

т.е. низата $\{b_n\}$ монотоно опаѓа. Сега имаме,

$$e_n=\left(1+\frac{1}{n}\right)^n<\left(1+\frac{1}{n}\right)^{n+1}=b_n<b_1=4,\ \forall n\in N,$$

т.е. низата (1) е ограничена од горе.

Од теоремата: *"Монотоно растечка и ограничена од горе низа е конвергентна."* и од задача 3 добиваме дека низата (1) е конвергентна, т.е. $e = \lim\limits_{n\to\infty} e_n = \lim\limits_{n\to\infty}\left(1+\frac{1}{n}\right)^n$, постои.

Како што можеме да видиме, со претходните три задачи, користејќи го само принципот на математичка индукција и споменатата теорема за монотони и ограничени низи успеавме, докажувајќи две важни неравенства, да го воведеме бројот $e$, една од најважните константи во математиката. Да забележиме дека претходната постапка ни овозможува да добиеме по желба добри апроксимации за бројот $e$. Имено, ако земеме доволно голем број $n$, тогаш можеме да кажеме дека

$$e_n = \left(1+\frac{1}{n}\right)^n < b_{20} = \left(1+\frac{1}{20}\right)^{21} < 2{,}79.$$

Статијата прв пат е објавена во списанието СИГМА на СММ